РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
16.08.2013
Уп1-Бр 1605 820 3

**ДОГОВОР**

**За користење на приклучок за прием на радиотелевизиски програми преку кабелска мрежа**

Склучен на ден_______помеѓу:

1.ТРД КАБЕЛ ДОО Струмица-подружница Валандово на ул. Маршал Тито бб Валандово во понатамошниот текст: Кабелски оператор (КО), и;

2.___________________________________ЕМБГ/ЕДБ_____________________________

ул.________________________________________бр._______тел:____________________

(во понатамошниот текст: корисник), од друга страна

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

`Предмет на договорот е уредување на правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од склучување на договорот.

**ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Цел на договорот е монтирање и користење на приклучок за прием на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа во станот/просториите на претплатникот-корисникот за следење на дистрибутивните радио-телевизиски канали за што корисникот плаќа надомест определен со овој договор.

Со склучување на овој договор,корисникот добива право за користење на дополнителни услуги кои ги нуди КО преку јавната кабелска мрежа во согласност со тарифниот модел кој го избрал корисникот за кои истиот плаќа соодветен надоместок согласно тековниот ценовник на КО.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

**Член 3**

КО се обврзува да изврши приклучување на корисникот кон кабелската мрежа со што ќе му овозможи (односно нема да му пречи) квалитетен прием на РТВ програмите кои се пренесуваат преку истата непрекинато 24 часа дневно,односно на корисниците да им обезбедат (да не им се попречат) техничките можности за прием на сите домашни радио и телевизиски програми кои се емитуваат на тоа подрачје од легални емитувачи.

КО се обврзува да емитува минимално 50 различни телевизиски канали.

**Член 4**

Приклучувањето на корисникот кон кабелската мража се врши од страна на стручни лица на КО и тоа во рок од 24 часа по потпишувањето на договорот. Корисникот се обврзува дека ќе се грижи за опремата инсталирана на неговиот имот,а

во случај на оштетување сам подлежи на одговорност. Во случај на раскинување на овој договор од страна на корисникот,средствата дадени за приклучок не се враќаат.

**Член 5**

За да може корисникот квалитетно да ги гледа сите понудени ТВ програми од кабелската мрежа, потребно е да поседува ТВ приемник со можност за прием на сите канали од РФ спектарот како и т.н. (S и Hyperband) и обезбедена заземјена електрична мрежа.

**Член 6**

Корисникот се обврзува дека ќе им овозможи непречен пристап на лица овластени од КО кои претходно ќе се легитимираат во своите простории/станот во кои ќе се изврши монтажа,преглед или мерења на кабелската мрежа и да не го попречува спроведувањето на кабелот од КО од својот до соседните објекти.

**Член 7**

Корисникот се обврзува дека нема да врши самостојно отстранување на евентуални дефекти на кабелската мрежа и дека нема да врши било какви дејствија врз опремата на кабелската мрежа дури и ако биде исклучен од неа,како и да дејствува за евентуално оштетување на мрежата. Доколку постапи спротивно,должен е да ја надомести штетата.

**Член 8**

Корисникот се обврзува дека приклучокот не смее да го отстапува на друго лице или да дозволи неовластено приклучување на кабелската мрежа. Во случај тоа да го стори ќе биде трајно исклучен од кабелската мрежа без враќање на уплатените средства.

**Член 9**

КО се обврзува дека по извршувањето на работите по приклучокот,ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект на мрежата,КО е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 4 часа од неговото настанување ,односно во рок од 12 часа, доколку дефектот настане во времето од 20.00 до 6.00 часот наредниот ден.

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 10**

Корисникот се обврзува по извршеното приклучување на кабелската мрежа на КО да му исплати паричен надомест според важечкиот ценовник (прилог бр.1 на договорот).

КО се обврзува дека на корисникот ќе му достави сметка за користењето на услугите секој месец до 5-ти во месецот за тековниот месец.

Кориснкот се обврзува дека месечниот надоместок ќе го плаќа редовно од 1-ви до 15-ти за тековниот месец на име месечна такса.

**Член 11**

Доколку корисникот не го уплати месечниот надоместок во рокот утврден во член 10 од овој договор,КО е должен да го предупреди корисникот при што ќе му определи рок во кој е должен да го уплати долгот. Во спротивно ќе биде исклучен. За повторно вклучување кон кабелската мрежа треба да го уплати вкупниот износ на заостанатиот долг,**без казна и трошоци за повторен приклучок**.

**Член 12**

Корисникот не смее да приклучи друг корисник и ТВ приемник на својот приклучок, ниту својот приклучок може да го продаде,односно да го отстапи на трето лице. Доколку дојде до промена на сопственоста на станот,претплатникот е должен веднаш да го извести КО за настанатата промена. Во таков случај:

-корисникот е должен да ги подмири своите обврски кон КО

-доколку новиот сопственик на станот сака да ги користи услугите на КО се склучува нов договор.

**Член 13**

Доколку од оправдани причини прекинот на дистрибуција на РТВ програмите трае повеќе од **48 часа** износот ќе биде одбиен за онолку дена колку што траел прекинот во наредната сметка, исто така доколку настане грешка во пресметувањето на износот ,а корисникот е редовен т.е. редовно ги подмирува сите обврски кон КО,истата по приговор од корисникот ќе биде вратена и по престанокот на договорот по барање на корисникот,КО ќе ги врати паричните средства депонирани како аванс за претплатата за тековниот месец.

**Член 14**

КО е должен да обезбеди **технички мерки за заштита** на целокупната опрема вградена во мрежата од пренапони,атмосферски празнења,кражба,виша сила и сл. При невреме(грмотевици)се препорачува антенскиот приклучок да биде изваден од ТВ приемникот. КО не сноси одговорност за евентуален пренос на дефектот на мрежата предизвикан од страна на трето лице или виша сила.

**ПРОМЕНА НА УСЛОВИТЕ ОД ПРЕТПЛАТНИЧКИОТ ДОГОВОР**

**Член 15**

(1) КО може да ги менува условите утврдени со претплатничкиот договор по претходно известување на корисникот.

(2) КО треба да го извести корисникот во рок кој не може да биде пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите наведени во претплатничкиот договор, како и правото на корисникот дека во истиот период, односно во рокот кој не може да биде пократок од 30 дена од денот на известувањето, без последици да може да го раскине претплатничкиот договор, доколку не се согласува со предложените измени.

(3)Доколку КО не постапи согласност став 2 од овој член тоа нема да ги ослободи корисниците од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорните обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор.

**Член 16**

Овој договор се склучува на неопределено време и истиот е во важност се додека некоја страна не побара негово раскинување.

Корисникот може да го раскине претплатничкиот договор со КО лично со поднесување на писмено барање и КО е должен да постапи по истото во рок од 30 дена, при што корисникот треба да ги подмири сите обврски кон КО за кои е издадена сметка.

Корисникот и по раскинувањето на претплатничкиот договор ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на корисникот.

При раскинување на претплатничкиот договор, корисникот треба да ги врато комуникациските средства во сопственост на КО во исправна состојба, која ја утврдува КО при преземањето на средствата

КО може да го раскине договорот поради повреда на одредбите од претплатничкиот договор од страна на корисникот после писменото известување со кое ќе му даде рок од 30 дена за исполнување на договорените обврски

КО не треба однапред писмено да го извести корисникот за исклучувањето, доколку се:

-предизвика моментална сериозна закана по јавниот ред, јавната безбедност, здравјето на луѓето и животната средина или

-предизвикува голема материјална и оперативна штета.

**Член 17**

**Приговори и жалби**

(1) Корисникот има право на приговор против одлуките или активностите на КО во врска со пристапот до или обезбедување на услуги

(2) КО треба во своите општи услови за пристап и користење на комуникациските услуги да ги наведе условите за поднесување на приговорот од став (1) на овој член, а особено роковите и начинот на поднесување на приговорот, да наведе податоци за

името и седиштето, броевите на телефони на надлежната служба за решавање по приговори, како и за можноста за добивање на образец за поднесување на приговор.

(3) Приговорот се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.

(4) Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, корисникот е должен да го плати само износот на месечната претлата до датумот наведен во сметката во било кое продажно место на КО или други достапни начини за плаќање од страна на КО.

(5) КО по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести корисникот. Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на корисникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази ( на пример службена белешка за извршената техничка контрола и сл).

(6) Доколку корисникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата.

(7) Доколку КО не постапи по приговорот во рокот утврден во ставот (5) од овој член, корисникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до КО.

(8) Агенцијата, одлучува по приговорот од корисникот во рок од 42 дена од денот на приемот
(ѓ) На корисникот му се враќа износот за претплатата и се обесштетува за услугите кои не се обезбедени на нивото на договорениот квалитет;
(ј) **Бројот 190 е број на контакт центарот на Агенцијата за електронски комуникации каде** што корисникот може да ги оствари своите права.

**Бројот за грижа на корисници на ТРД КАБЕЛ ДОО е 034-552-555**

**Член 18**

Во случај на спор по овој договор ќе решава надлежниот суд во Гевгелија

**Член 19**

Овој договор е составен во 2 (два) примерока од кои по еден за секоја од договорените страни. Договорот стапува во сила со денот на потпишувањето.

**КОРИСНИК** **ТРД КАБЕЛ**

**Прилог бр.1**

**ТРД КАБЕЛ ДОО – СТРУМИЦА**

ЦЕНОВНИК за користење приклучок за прием на
Телевизиски програми преку кабелска мрежа

| **Услуга** | **цена (денари)** |
| --- | --- |
| Еднократен надомест за приклучок | 0 |
| Месечен надоместок | 365 |
| Дополнителен ТВ приемник во исти стан (еднократно) | 365 |

Цените во ценовникот се со вклучен ДДВ